РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА

1 Бр. 04-9677/10
05-12-2023 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), и доставените финални ранг листи на интервјуираниот кандидат и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат (бр.04-9677/9 од 04.12.2023 година), а во врска со објавениот интерен оглас за унапредување (бр.04-9677/2 од 15.11.2023 година), објавен на веб страната на општина Струмица и веб страната на Агенција за администрација објавен на ден 23.11.2023 година, Секретарот на Општина Струмица донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во Општина Струмица

**I.**За работното место објавено во интерниот оглас за унапредување на административен службеник во Општина Струмица, под реден број 1 (еден)- Помошник раководител на Сектор за финансиски прашања, со шифра УПР 0101Б03000 се избира кандидатот **Тимо Комаров.**

**II.** За работното место предвидени се средства во Буџетот на Општина Струмица за 2023 година во ставка 401, подставка 401120.

**III.** Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето.

### Образложение

На ден 23.11.2023 година на веб страната на општина Струмица и веб страната на Агенција за администрација беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во општинската администрација на Општина Струмица.

Постапувајќи по одредбите од Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување со Записник бр. 04-9677/8 од 04.12.2023 година изврши административна селекција по интерен оглас бр.04/2023 и констатира дека за огласеното работно место под реден број 1 (еден), уредно се пријавил 1(еден) кандидат.

На ден 04.12.2023 година во просториите на Агенцијата за администрација со уредно пријавениот кандидат се спроведе интервју за што постои и Записник од спроведено интервју (бр.04-9677/9 од 04.12.2023 година) и се изготви финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по оглас бр.04/2023 при што се одлучи како во диспозитивот од оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на општина Струмица.

Секретар
на Општина Струмица
Александар Оцаков